XI

Средствата од дел II точка 10 од оваа програма во износ од 50.000 денари, ќе се користат за:

| | |
|---|---|
| - одржување на курсеви на сточари и сточарски здруженија | 40.000 |
| - печатење на стручни списанија | 10.000 |

XII

Средствата од дел II точка 11 од оваа програма во износ од 50.000 денари, ќе се користат за:

| | |
|---|---|
| - извршување на оперативниот план за формирање банка на серуми | 5.000 |
| - центар за следење на несакани дејства од ветеринарно-медицинските препарати | 5.000 |
| - средства за членство во меѓународни организации | 35.000 |
| - систем за следење на следење на употребата на антибиотици кај домашните животни | 2.500 |
| - следење и откривање на присуство на резидуи во суровините и производите од животинско потекло | 2.500 |

XIII

Средствата од дел II точка 14 од оваа програма во износ од 500.000 денари, ќе се користат за:

| | |
|---|---|
| - одржување и надградба на информативните системи за здравствена заштита на животните | 400.000 |
| - одржување и надградба на информативните системи за гранична ветеринарна инспекција | 100.000 |

XIV

Средствата од дел III алинеја 1, 2, 3 и 4, дел IV алинеја 1 и 3 и дел VI алинеја 1 на оваа програма ќе се исплатуваат по склучен договор меѓу министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство и ветеринарните друштва во епизоотиолошките подрачја.

Средствата од дел V алинеја 3 и 4 на оваа програма ќе се исплатуваат на правно лице кое ги исполнува условите пропишани од министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство.

Средствата од дел IV алинеја 2 и дел XII алинеја 1 ќе се исплатуваат по склучен договор меѓу министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство и Ветеринарниот институт - Скопје.

XV

Приоритет во спроведување на мерките на оваа програма ќе имаат епизоотиолошките подрачја доколку се појават заразни болести во поголем обем.

XVI

За спроведување на оваа програма се грижи Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

Доколку некоја мерка не биде извршена, а друга е извршена во поголем обем, пренамена на средствата може да врши министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство во рамките на вкупно предвидените средства по оваа програма.

XVII

Оваа програма влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 23-2737/1
9 јуни 2003 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Бранко Црвенковски,** с.р.

**956.**

Врз основа на член 40 од Законот за заштита на децата ("Службен весник на РМ" бр. 98/00 и 17/03), министерот за труд и социјална политика, донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА УСЛОВИТЕ, КРИТЕРИУМИТЕ И НАЧИНОТ ЗА ОСТВАРУВАЊЕ НА ПРАВАТА ЗА ЗАШТИТА НА ДЕЦАТА

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со овој правилник се утврдуваат поблиските услови, критериуми и начинот на остварување на правата за заштита на децата и тоа:

- детски додаток,
- посебен додаток, и
- помош за опрема на новороденче.

## II. ДЕТСКИ ДОДАТОК

### 1. Поблиски услови и критериуми за остварување право на детски додаток

**а) Возраст на детето**

Член 2

Детски додаток се признава за дете од раѓањето до наполнети 18 години живот и доколку се наоѓа на редовно школување и тоа:

- за дете во основно училиште до завршувањето на школувањето за толку години колку што трае редовното школување, заклучно до 31.08 во годината;
- за дете кое е редовен ученик во средно училиште, за секоја учебна година заклучно со 31.08 во годината.

Член 3

За дете на кое му престанало својството на редовен ученик не следува детски додаток од првиот ден на наредниот месец по престанување на тоа својство.

**б) Материјална состојба на семејството**

Член 4

Материјалната состојба на семејството се утврдува врз основа на вкупните приходи и примања на семејството остварени во претходната година и бројот на членовите на семејството.

Член 5

Како приходи и примања врз основа на кои се утврдува материјалната состојба на семејството се сметаат приходите и примањата кои ги остваруваат сите членови на семејството и тоа по основ на:

1. Плати и надоместоци на плати;
2. Пензии: старосни, семејни, инвалидски, боречки, земјоделски и странски;
3. Паричен надоместок за невработени лица;
4. Постојана парична помош;
5. Социјална парична помош;
6. Приходи по основ на имот и имотни права (издавање под закуп на: станбен простор, гаражи, простор за одмор и рекреација, опрема, превозни средства и издавање или земање под закуп на земјиште);
7. Приходи по основ на вршење земјоделска дејност;
8. Приходи по основ на вршење на занаетчиска дејност;
9. Приходи по основ на привремена работа во странство;
10. Алиментација, стипендии и други приходи и примања согласно закон;
11. Дивиденди и камата од заштеда;
12. Примања остварени во странство на градежни работници деташирани во странство;

13. Надомест на семејството чиј хранител се наоѓа на отслужување на редовен воен рок;

14. Други на данок подложни приходи (од авторски права, патенти и други технички унапредувања, договор за дело, вештачење, повремени приходи и слично), и

15. Други приходи и примања утврдени со закон.

Член 6

По исклучок од член 4 на овој правилник како приходи и примања на семејството не се сметаат:

1. Паричен надоместок за помош и нега на друго лице;

2. Посебен додаток;

3. Паричен надоместок за телесно оштетување;

4. Паричен надоместок за трошоците за згрижено дете во дом-семејство, и

5. Помош во случај на елементарни непогоди.

Член 7

За дете сместено во дом-семејство не се сметаат приходите и примањата на дом-семејство во кое е згрижено детето без родителска грижа.

Член 8

При утврдување на право на детски додаток за дете кај разведени родители како приходи и примања на семејството се сметаат приходите и примањата на родителот кај кого детето живее, алиментацијата која е должен другиот родител да ја дава за издршка на детето, како и приходите и примањата на останатите членови на семејството на родителот со кој детето живее согласно одредбите од овој правилник.

Член 9

При утврдување право на детски додаток за дете родено во вонбрачна заедница како приходи и примања на семејството се сметаат приходите и примањата на двајцата родители кои живеат во вонбрачна заедница, како и приходите и примањата на останатите членови на семејството на родителот со кој детето живее согласно одредбите на овој правилник.

При утврдување на право на детски додаток за дете родено вон брак како приходи и примања на семејството се сметаат приходите и примањата на родителот кај кого детето живее, како и приходите и примањата на останатите членови на семејството на родителот со кој детето живее согласно одредбите на овој правилник.

Член 10

Приход од земјоделска дејност претставува катастарски приход кој служел како основица за утврдување на данокот од приход од земјоделска дејност.

За семејство кое остварува приход по основ на користење земја под закуп, катастарскиот приход утврден за тоа земјиште претставува основ за утврдување на приход од вршење земјоделска дејност.

Член 11

За пензиите, надоместоците за невработени лица, примањата по основ на постојана парична помош или социјална парична помош се зема месечниот износ на тие примања што е исплатен во месец декември во претходната година, доколку е тоа поповолно за остварување на правото на детски додаток, во спротивно ќе се земат вкупно остварените во претходната година.

Доколку подносувачот на барањето во текот на годината оствари пензија, надоместок за невработеност или пак стане корисник на постојана парична помош или социјална парична помош за утврдување на материјалната состојба се зема месечниот износ од решението по кое е признато правото.

Член 12

Вкупно остварените приходи и примања во претходната година утврдени во член 5 од овој правилник на сите членови на семејството се собираат и се делат со 12, односно на онолку месеци за колку се остварени, а потоа се дели со бројот на членови на семејството.

Член 13

За утврдување на материјалната состојба на семејството за лица кои првпат ќе се вработат во тековната година, за лица кои ќе продолжат со работа по враќање од отслужување на воениот рок и за лица кои биле на неплатено отсуство, се зема платата остварена во првиот полн месец по вработувањето, односно по продолжување со работа.

Член 14

За самохран родител (единствен хранител) се смета родител кој со сопствени средства сам го издржува детето кое е должен да го издржува согласно закон.

За дете на самохран родител во смисла на став 1 од овој член се смета:

1. Дете кое го издржува еден од родителите, ако другиот умрел, а детето остварило право на семејна пензија;

2. Дете кое по смртта на еден од родителите остварило право на пензија, а другиот родител со кого живее не е во работен однос;

3. Дете на разведени родители ако родителот кај кого детето живее не склучил нов брак, и

4. Дете родено вон брак, ако родителот кај кого детето живее не стапил во брак.

Член 15

Промената во имотната и семејната состојба влијае на правото на детски додаток од првиот ден на наредниот месец од настанување на промената и тоа за: стекнување имот, смрт, прекин на школување, вработување, престанок на вработување, новороденче и др.

Доколку барањето за остварување право на детски додаток за новородено дете се поднесе по 15 дена од денот кога е детето родено, подносувачот на барањето со правото на детски додаток за дете ќе се стекне наредниот месец од месецот на поднесеното барање.

Член 16

Со преминување на детето од основно во средно училиште се променува висината на детски додаток од првиот месец на учебната година.

По исклучок од став 1 од овој член за дете кое е наполно и трајно или за подолго од една година ќе остане неспособно за работа, како и за дете на кое му е признато право на работно оспособување висината на детски додаток се променува од наредниот месец по наполнување на 15 години живот.

Член 17

За дете што стапило во брак престанува правото на користење на детски додаток наредниот месец од месецот на стапувањето на детето во брак.

Член 18

Промените во имотната состојба на семејството кои настануваат во текот на годината влијаат на правото на детски додаток од првиот ден на наредниот месец од месецот на настанување на промената и тоа во случај на:

1. Бришење или запишување во соодветниот регистар на трговско друштво, установа и друго правно лице кое врши стопанска дејност и друго правно лице кое врши дејност на јавна служба и друго домашно и странско правно лице кое вработува работници.

2. Престанок или почеток на вршење на самостојна дејност или професија по бришење или запишување во соодветниот регистар;

3. Отуѓување (продажба, замена, подарок на недвижен имот или дел од недвижен имот), од моментот на заверка на договорот;

4. Неприфаќање на наследството од денот на смртта на оставителот;

5. Откажување од наследството, односно наследен дел од имотот во корист на друг наследник од денот на давањето на наследничка изјава;

6. Денационализација на национализиран имот, од денот на враќање на национализираниот имот;

7. Експропријација на имот или дел од имот, по преземање на имотот од страна на оној во чија корист е извршена експропријација;

8. Изградба на земјиште кое е обложено со катастарски приход од денот на издавањето на градежната дозвола;

9. Изградба на семејна станбена зграда без градежна дозвола (дива градба) на земјиштето кое е обложено со катастарски приход од денот на изградбата.

**2. Начин на остварување на детски додаток**

Член 19

Барањето за остварување на правото на детски додаток за дете се поднесува до организационата единица на Министерството за труд и социјална политика во местото на кое поднесувачот на барањето има постојано место на живеење, односно до најблиската организациона единица до неговото место на живеење.

Член 20

Со барањето се поднесуваат доказите потребни за утврдување на материјалната состојба на членовите на семејството, наведени во член 5 од овој правилник и тоа:

- за вработени лица-потврда за плата, надоместоци на плата, испратнина, примени заостанати плати, дивиденди и други примања остварени во претходната година, а за вработените лица кај приватен работодавец потврда за плата остварена во претходната година и договор за работа,

- за пензионери-решение за пензија, чек или потврда од Фондот за пензиско и инвалидско осигурување на Македонија за остварена пензија за месец декември од претходната година;

- за невработени лица-корисници на паричен надоместок-решение, чек или потврда за остварениот надоместок за месец декември од претходната година од Биро за вработување;

- за корисници на постојана парична помош-решение за постојана парична помош, упатница за исплата или потврда за остварената постојана парична помош за месец декември од претходната година од Центарот за социјални работи;

- за корисници на социјална парична помош-решение за социјална парична помош, упатница за исплата или потврда за остварената социјална парична помош за месец декември од претходната година од Центарот за социјални работи;

- за лица кои остваруваат приход по основ на имот и имотни права, за лица кои остваруваат приход од вршење земјоделска дејност како и за лица кои остваруваат приход од вршење самостојна дејност или професија-доказ за остварен приход за претходната година издаден од органот за јавни приходи (аконтативен износ);

- за градежни работници деташирани во странство-потврда за примањата од работен однос и потврда за делот од примањата што ги остварува за работа во странство, а за лица кои работат во странство доказ за остварени примања и приходи;

- за сите други остварени приходи и примања, поднесувачот на барањето е должен да достави доказ издаден од соодветен орган за висината на приходите и примањата остварени во претходната година, и

- за членовите на семејството-невработени лица-потврда од Биро за вработување дека се регистрирани како невработени лица или дека не се во евиденција на невработени.

Доколку поднесувачот на барањето достави доказ дека тој или член на семејството не примил плата во претходната година, организационата единица на Министерството за труд и социјална политика прибавува доказ за висината на платата што му припаѓа по решени или договор за работа од работодавецот.

Член 21

Детскиот додаток се исплатува за детето на родителот или старателот кој се грижи за издржувањето на детето.

Член 22

Барањето за продолжување на правото на детски додаток за дете за наредната година се поднесува до 31 март во таа година.

Барањето за продолжување на правото на детски додаток поднесено после рокот утврден во став 1 од овој член ќе се смета како ново барање.

## III. ПОСЕБЕН ДОДАТОК

**1. Начин на остварување на посебен додаток**

Член 23

Барањето за остварување на правото на посебен додаток се поднесува до организационата единица на Министерството за труд и социјална политика во местото на кое поднесувачот на барањето има постојано место на живеење, односно до најблиската организациона единица до неговото место на живеење.

Член 24

Поднесувачот на барањето за посебен додаток покрај барањето поднесува наод и мислење за видот и степенот на попреченоста во физичкиот или психичкиот развој и специфичните потреби на детето, издаден од соодветен орган, решение за категоризација од Центарот за социјална работа, потврда од Центарот за социјална работа дека детето не е институционално згрижено на товар на државата, извод од матична книга на родените на детето, уверение за државјанство на детето и лична карта на поднесувачот на барањето.

Во случај ако во наодот и мислењето било препорачано по извесен период рекатегоризација, се поднесува нова медицинска документација од поднесувачот на барањето.

Член 25

Барањето за продолжување на правото на посебен додаток за наредната година се поднесува до 31 март во таа година.

Барањето за продолжување на правото на посебен додаток поднесено после рокот утврден со став 1 од овој член ќе се смета како ново барање.

## IV. ПОМОШ ЗА ОПРЕМА НА НОВОРОДЕНЧЕ

**1. Начин за остварување на правото-помош за опрема на новороденче**

Член 26

Барањето за остварување на правото помош за опрема на новороденче се поднесува до организационата единица на Министерството за труд и социјална политика во местото на кое мајката има постојано место на живеење, односно до најблиската организациона единица до нејзиното место на живеење.

Рок за поднесување на барањето за помош за опрема на новороденче е 60 дена од денот на раѓањето на детето.

Член 27

Поднесувачот на барањето за помош за опрема на новороденче со барањето за остварување право за опрема на новороденче приложува:

1. Лична карта од мајката;
2. Уверение за државјанство на родителот;
3. Мајчина книшка или потврда од лекар специјалист за првото дете по ред на раѓање; и
4. Извод од матична книга на родени за детето.

V. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 28

Барањата за продолжување на правото на детски додаток за дете и правото на посебен додаток за дете за 2003 година, се поднесуваат до 31.08.2003 година.

Барањата за продолжување на правото на детски додаток и правото на посебен додаток поднесени по рокот утврден во став 1 од овој член ќе се сметаат како нови барања.

Член 29

Со денот на влегувањето во сила на овој правилник престанува да важи Правилникот за утврдување на висината, условите и начинот на остварувањето на додатоците на деца ("Службен весник на РМ" бр. 38/92, 46/92, 78/92, 11/93, 65/93, 20/94, 68/94, 9/95, 65/95, 13/97, 2/98, 64/98 и 85/99).

Член 30

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 11-10-298/4
5 јуни 2003 година
Скопје

Министер,
**Јован Манасиевски**, с.р.

---

**957.**

Врз основа на член 55 став 1 во врска со член 49 став 2 од Законот за организација и работа на органите на државната управа ("Службен весник на Република Македонија" бр. 58/2000) и член 179 став 2 во врска со член 143 став 2 алинеја 3 и член 144 од Законот за авторското право и сродните права ("Службен весник на РМ" бр. 47/96, 3/98 и 98/02), а во врска со Јавниот конкурс за издавање дозвола за колективно остварување на авторското право и сродните права, објавен во ("Службен весник на Република Македонија" бр. 77 од 03.10.2002 година), Министерството за култура го донесува следното

**РЕШЕНИЕ**
**ЗА ПРИВРЕМЕНА ДОЗВОЛА ЗА КОЛЕКТИВНО ОСТВАРУВАЊЕ ЗА КАБЛОВСКО РЕЕМИТУВАЊЕ НА АВТОРСКИ ДЕЛА**

1. Се издава решение за привремена дозвола за колективно остварување на користењето авторски дела, вклучувајќи ги и аудиовизуелни дела за кабловско реемитување на Здружението за заштита на авторски музички права "ЗАМП" - Скопје.

2. Со привремената дозвола од точка 1 на ова решение, се смета дека е дадена согласност и на изменувањето и дополнувањето на Статутот на Здружението за заштита на авторски музички права "ЗАМП" - Скопје, бр. 55-1-03 од 21.03.2003 година.

3. Привремената дозвола од точка 1 на ова решение е со важност до наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија" на конечното решение за издавање дозвола за колективно остварување на користењето авторски дела, вклучувајќи ги и аудиовизуелни дела за кабловско реемитување на соодветно здружение на носители на права за соодветните видови авторски дела.

4. Здружението за заштита на авторски музички права "ЗАМП" - Скопје ќе го врши колективното остварување од точката 1 на ова решение до рокот определен во точката 3 на ова решение, на начин и услови утврдени во Законот за авторското право и сродните права, како и согласно условите утврдени со посебен договор.

5. Под посебен договор, во смисла на точката 4 од ова решение се смета Договорот за уредување на авторското право и сродните права за дистрибуција на радио и телевизиски програми во кабловската мрежа на Република Македонија и останатите пропратни договори, што се составен дел на Договорот, чиишто договорни страни се носители на правата: Здружението за заштита на авторски музички права "ЗАМП" - Скопје во име на странските носители на правата, членки на CISAC и другите странски носители на правата - радиодифузните кооператори: Европската радиодифузна унија (EBU - за нивните членки, јавни радиодифузни организации) и Здружението на приватните радио и телевизиски канали (VPRT), како и Асоцијацијата за меѓународно колективно остварување на аудиовизуелните дела (AGICOA) од една страна и корисниците на правата - членките на Стопанската интересна заедница на оператори на кабловската мрежа М К НЕТ - Скопје, од друга страна.

6. Ова решение влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 17-2045/13
12 јуни 2003 година
Скопје

Министер,
**Благој Стефановски**, с.р.

---

**958.**

Врз основа на член 23 став 3 од Законот за средното образование („Службен весник на РМ" бр. 44/95, 24/96, 34/96, 35/97, 82/99 и 29/2002), министерот за образование и наука, донесе

**КАЛЕНДАР**
**ЗА ОРГАНИЗАЦИЈА НА УЧЕБНАТА 2003/2004 ГОДИНА ВО ЈАВНИТЕ СРЕДНИ УЧИЛИШТА**

Член 1

Со овој календар се утврдува организирањето на учебната година во јавните училишта согласно програмските целини во наставна година, полугодие и други форми на воспитно-образовна дејност и ученички одмор за учебната 2003/2004 година.

Член 2

Учебната година во средното образование почнува од 1 септември, а завршува на 31 август наредната година.

Редовната настава во јавните училишта се остварува до 10 јуни во годината, освен во последната година од гимназиското образование и стручното образование од четиригодишното и тригодишно траење каде редовната настава завршува на 20 мај.

Член 3

Јавните училишта во времето од 21 мај до 30 јуни и од 15 август до 20 август организираат подготвителна настава, консултација и други форми на помош за учениците кои треба да полагаат поправни и редовни испити.

Завршниот испит во јавните училишта започнува на 11 јуни и трае најдоцна до 21 јуни, од 18 август и трае најдоцна до 25 август, и во јануари во деновите на зимскиот одмор на учениците.

Член 4

Воспитно-образовната работа за учениците се организира во текот на целата работна недела.